# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАМОР, СТРЕС И УПОТРЕБА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

*ATS.OR.310(a), ATS.OR.315(a), ATS.OR.305(a)*

Активностите за управување со ефектите од стресот, заморот и употребата на опојни дроги и психотропни супстанции на оперативно работно место се од клучно значење за одржување на безбедното давање на услугите на воздушниот сообраќај (ATS). Главната цел на овие активности е воведување на проактивни, систематски и континуирани мерки за следење и контрола на последиците поврзани со стресот, заморот и употребата на опојни дроги и психотропни супстанции.

Управниот одбоир на М-НАВ А.Д.-Скопје е директно ангажирано во спроведувањето на проактивни, систематски, превентивни и континуирани активности за управување со ефектите од стресот, заморот, како и заштита од употребата на опојни дроги и психотропни супстанции, преку воведување специфични постапки за постигнување на таквата цел.

Управниот одбор на М-НАВ А.Д.-Скопје обезбедува дека преку воведување на следните контролни мерки ќе управува со ефектите од стрес, замор и употреба на опојни дроги и психотропни супстанции:

- Целосна примена на принципите утврдени во Политиката за ИМС;
- Поддршка на активности за управување со стрес за време на критични настани преку Програмата за управување со стрес од критични инциденти;
- Обезбедување ресурси и спроведување ефективни активности за управување со оперативните последици поврзани со стрес, замор и употреба на опојни дроги и психотропни супстанции;
- Идентификување и спроведување на добри практики поврзани со управувањето со ефектите од стрес, замор и употреба на опојни дроги и психотропни супстанции;
- Спроведување на активности наведени во Процедурите за управување со последиците од стрес, замор и употреба на опојни дроги и психотропни супстанции;
- Периодичен преглед на оваа политика и ефективноста на воспоставените мерки со цел постигнување на очекуваните придобивки за подобрување на безбедноста на работењето.

Активностите за управување со ефектите од стрес, замор и употреба на опојни дроги и психотропни супстанции на оперативно работното место, подлежат на следниве принципи:

- Спроведување на проактивни, систематски, перевентивни и континуирани активности кои опфаќаат процедури, методи и програми за управување со ефектите од стрес, замор и заштита од употреба на опојни дроги и психотропни супстанции, како и следење на нивната ефикасност;
- Непристрасност и доверливост за лицата кои пријавуваат настани поврзани со ефектите од стресот, заморот и употребата на опојни дроги и психотропни супстанции, како и за лицата споменати во пријавите;
- Јасен и транспарентен начин на управувањето со стрес, замор и ефекти од употреба на опојни дроги и психотропни супстанции ;
- Воспоставување на доброволен и доверлив механизам за пријавување на настани поврзани со стрес, замор и употребата на опојни дроги и психотропни супстанции;
- Одржување на високо ниво на свесност кај вработените во однос на влијанието на стресот и ефектите на заморот, како и заштита од употребата на опојни дроги и психотропни супстанции врз давањето на ATS услугите.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д. -Скопје
м.п. Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup
Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член